**Средно општинско училиште**
***Ѓорче Петров***
**Крива Паланка**

# Програма за развој на училиштето 2024-2028



АВГУСТ, 2024 г.

## Вовед

Програмата за развој на училштето претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата на училиштето, приоритетните подрачја за развој, начинот на следење на еваулацијата, а се со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

Програма за развој на СОУ Ѓорче Петров - Крива Паланка за периодот 2024-2028 годинае изработена врз основа на резултатите од самоевалуацијата за периодот 2019–2022 година и препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат во ноември, 2022 година.

Со програмата за развој на училиштето се планираат целите и визијата за развојот на училиштето во период од четири години со конкретни наведени активности во согласност со стратешките и развојните документи и стручни документи, утврдени од надлежни институции. Од приоритетните потреби кои се дефинирани во неа, произлегуваат предлози за проекти. Со таквите проекти се овозможува да се внесат конкретни промени во училиштето, а со тоа и да се остварат планиранитецели.

Програмата за развој е посветена на развивањето и унапредувањето на знаењата и зајакнување на културата на живеење на учениците од СОУ *Ѓорче Петров*. Таа настојува да даде полн придонес за остварување на одржлив развој и подобрување на образованието и да им помогне на учениците да се афирмираат како рамноправни и почитувани членови во европското и светското опкружување.

Таа ќе ни помогне да развиеме ефективен воспитно - образовен процес кој ќе располага со механизми за подготовка на младите за сите предизвици и промени со кои ќе се судрат во иднината која доаѓа.

Програмата за развој ќе се базира на европските и глобалните вредности соодветни со главните развојни правци карактеристични за современиот свет и доволно моќни да придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста и за задоволување на важните потреби во развојот и добросостојбата на секој ученик. Нашето училиште преку својата развојна програма ветува дека ќе понуди образование кое ќе ги негува и унапредува капацитетите на учениците, ќе ги почитува нивните интереси и потреби и ќе им понуди можности да направат избор и да се реализираат себеси преку воспитно-образовниот процес.

Содржина

**Вовед** ........ **1**
***1. Податоци за средното училиште*** ........ **2**
***1.1. Историјат на средното училиште*** ........ **3**
**1.2 Структура на вработени*:*** ........ **4**
**1.3. Услови за работа:** ........ **5**
**1.4. Образовни профили** ........ **7**
**2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето** ........ **9**
**3. Фактори кои влијаат на развојот на средното училиште (SWOT-анализа)** ........ **11**
***4. Визија и мисија на училиштето*** ........ **14**
**ВИЗИЈА** ........ **14**
**МИСИЈА** ........ **14**
**5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив:** ........ **15**
**6. ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ И РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ** ........ **16**
**Од приоритети кон стратешки цели** ........ **16**
**6.1 Од стратешки цели кон развојни цели** ........ **18**
**7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето** ........ **19**
**8. Комисија за изработка на Развојна програма за работа на училиштето** ........ **31**

### *1. Податоци за средното училишт*

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно општинско училиште *Ѓорче Петров* |
| **Адреса, општина, место** | ул. *8 Октомври* бр.91 Крива Паланка 1330 |
| **Телефон и факс** | +38931/375 025; +38931/ 377 120 |
| **е-маил** | sougorcepetrov@yahoo.com<br>sou-gjorchepetrov-krivapalanka@schools.mk |
| **веб-страница** | www.gjorchepetrov.edu.mk www.gp.edu.mk |
| **Основано** | Со акт на Народен одбор на Општина Крива Паланка |
| **Верификација- број на актот** | 02-5754/1 |
| **Година на верификација** | 1.9.1960 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1964 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Квадратура на цело земјиште** | 7196 $m^2$ |
| **Површина на објектот** | 3947 $m^2$ ( I и II зграда) |
| **Површина на училшниот двор** | 5648$m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралиште** | 764 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Начин на загревање** | Течно гориво (нафта) |
| **Број на кабинети** | 21 кабинет и 2 работилници |
| **Број на паралелки** | 36 |
| **Број на катови** | Зграда 1- Приземје,подрум и еден кат<br>Зграда 2 - приземје и еден кат |
| **Број на згради** | 2 |
| **Број на спортски терени** | 2 (спортска сала и надворешно игралиште) |

### *1.1. Историјат на средното училиште*

Нашето училиште, СОУ *Ѓорче Петров* –Крива Паланка, се наоѓа на југоисток од центарот на градот, во правец на с.Дурачка Река. Училиштето е изградено на десната страна по течението на Дурачка Река. Се наоѓа на улицата *$8^{ми}$ Октомври* бр.91. Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат  Домот за ученици *Боро Менков* и приватни станбени објекти. Училиштето е основано со акт на Народен одбор на Општина Крива Паланка 02 - 5754/1 од 1.9.1960 година, под името Гимназија *Моша Пијаде* со Решениена ОСС – Скопје, со рег. број 768/1987 од 9.6.1987 година. Од Гимназија станува Училиште за средно образование, со решение од Окружен стопански суд – Скопје, со рег.13224/1993 од 13.9.1993 година, за преименување во Училиште за средно образование *Ѓорче Петров* – Крива Паланка.




Со Решение на Основен суд Скопје I, Скопје со рег. бр.71/06 од 10.4.2006 год. името на училиштето е променето во Средно општинско училиште *Ѓорче Петров*–Крива Паланка. Училишниот објект е од тврда градба. Училиштето има котларница за сопствено затоплување на нафта. Училиштето во 1960 год. започна со 97 ученици, но бројот постојано расте, па такаво 1995 година достигна 1235 ученици. Во последните неколку години се бележи тенденција на намалување на бројот на запишани ученици поради демографските процеси во општината.

1.2 **Структура на вработени*:***

- ***степен на образование на вработени***

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 67 |
| Виша стручна подготовка | 1 |
| Средно образование | 9 |
| Основно образование | 1 |
| ВКУПНО | **78** |

-***старосна структура на вработени***

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20 - 29 | 6 |
| 30 - 39 | 12 |
| 40 - 49 | 26 |
| 50 - 59 | 24 |
| 60 и повеќе | 10 |
| ВКУПНО | **78** |

***- Работен стажна вработените***

| Работен стаж | Број на вработени наставници во гимназиско образование | Број на вработени наставници Во стручно образование | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 10 | 10 | 2 | 1 | 4 | 0 | 27 |
| Од10до 20години | 12 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 19 |
| Од20до 30години | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 |
| Повеќе од 30години | 10 | 3 | 0 | 1 | 2 | 0 | 16 |
| Вкупно | **48** | **14** | **3** | **3** | **8** | **2** | **78** |

## 1.3. **Услови за работа:**

*Наставни простории*

Средното општинско училиште *Ѓорче Петров* од Крива Паланка е единствено средно училиште во општина Крива Паланка. Наставата се изведува на македонски наставен јазик, а ги опфаќа учениците од општините Ранковце и Крива Паланка. Просторните услови ги задоволуваат образовните стандарди за реализирање на воспитно-образовна дејност. Наставата се реализира по кабинети и тоа распределени по наставни предмети:

| КАБИНЕТ ПО | БРОЈ НА КАБИНЕТ |
|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | **3 кабинета** |
| **Математика и иформатика** | **2 кабинета** |
| **Странски јазици** | **3 кабинета** |
| **Предмети од електротехничка струка** | **2 кабинета** |
| **Предмети од машинска струка** | **1 кабинет + работилница** |
| **Предмети угостителско – туристичка струка** | **1 кабинет + работилница** |
| **Биологија** | **1 кабинет** |
| **Хемија** | **1 кабинет** |
| **Географија/ социологија** | **1 кабинет** |
| **Физика** | **1 кабинет** |
| **Историја** | **1 кабинет** |
| **Музичка уметност и ликовна уметност** | **1 кабинет** |
| **Предмети од градежно-геодетска струка** | **1 кабинет** |
| **Економска група предмети** | **1 кабинет** |
| **Предмети од здравствена струка** | **1 кабинет** |

Наставата по спорт и спортски активности се реализира во сопствена спортска сала која ги задоволува основните стандарди за изведување за спортски, рекреативни, културни и друг вид активности и манифестации. Училиштето располага со дворно место со површина од 5648$m^2$ и 764 $m^2$ површина на спортски терени. Со поставените 31 камера се подобрува и безбедноста на учениците и вработените на училиштето во целина.

Училиштето е оградено со цврста железна ограда со што се зголемува сигурноста на непречено одвивање на секој вид настава. Дворното место е хортикултурно уредено, со зеленило, зимзелени дрва и цвеќе кое редовно се одржува. Во училишниот двор се поставени нови клупи и канти за отпадоци. Училиштето располага со нови клупи и столчиња, наставни средства и помагала.

*Други простории*

- Просторија за наставници;
- Просторија за директор;
- Просторија за помошник директор;
- Просторија за секретар;
- Просторија за училишниот психолог;
- Просторија за училишниот социолог;
- Просторија за училишниот педагог;
- Просторија за благајна и домаќин;
- Просторија за помошно-технички персонал;
- Библиотека која располага со богат книжевен фонд на книги и публикации од различни области.

*Опременост на училиштето:*

Камери за видеонадзор, компјутери, печатачи, фотокопири, графоскопи, ТВ-приемници, проектори, проекциско платно и др.

| | |
|---|---|
| **Број на компјутери (куќишта)** | 94 |
| **Монитори** | 164 |
| **ЛЦД** | 22 |
| **Телевизори** | 21 |
| **Интерактивни табли** | 14 |
| **Фотокопир** | 3 |
| **CNC машина** | 2 |
| **Принтери** | 23 |
| **Лаптоп компјутери** | 75 |
| **Графички табли со дигитално пенкало** | 65 |
| **Ласерски печатач** | 1 |
| **Принтер во боја** | 2 |

**1.4. Образовни профили**

Во училиштето се реализираат наставни планови за гимназиско образование и за стручно образование кои се претходно одобрени од БРО, МОН и ЦСОО. Нашето училиште е комбинирано со гимназиско и стручно образование и од 1 септември 2021 година се реализара дуално образование во секторите: здравство и социјална заштита, градежништво и геодезија, машинство, електротехника и угостителство и туризам, а од минатата учебна година го воведовме за изучување и секторот градежништво и геодезија, профил градежен техничар.

Во **гимназиско образование** се застапени следните подрачја:

- општествено - хуманистичко подрачје комбинација А;
- општествено - хуманистичко подрачје комбинација Б;
- Јазично - уметничко подрачје комбинација А;
- Јазично - уметничко подрачје комбинација Б;
- природно - математичко подрачје комбинација А и
- природно - математичко подрачје комбинација Б.

Во **стручното образование** се застапени следните струки:

- електротехничка струка: образовен профил - електротехничар за компјутерска техника и автоматика со четиригодишно траење,
- угостителско - туристичка струка: образовен профил - угостителски техничар - четиригодишно траење;
- угостителско - туристичка струка: образовен профил - келнер, готвач, слаткар тригодишно траење;
- здравствена струка: образовен профил - медицинска сестра со четиригодишно траење;
- градежна-геодетска струка: образовен профил - градежен техничар со четиригодишно траење.
- машинска струка: образовен профил машински техничар со четиригодишно траење.

Наставата во стручното четиригодишно образование ќе се одвива според реформирано техничко образование, односно модуларната наставна програма.

Од учебната 2021/2022 година училиштето започна со спроведување на средно стручно образование во партнерство со работодавачи под мотото: ***Учи паметно, работи стручно,*** кое е одобрено од МОН, а поддржано од: Schweizerische Eidgenossenschaft, Confédération Suisse, Confederazion Svizzera, Confederaziun svizra, Swiss Agensy for Development and Cooperation SDC, за следните образовни профили:

- машинска струка: машински техничар *(соработка со компанија *ДЕМАСТИЛ ДОО* Крива Паланка и МЕЛТОН ДООЕЛ Крива Паланка)
- електротехничка струка: електротехничар за компјутерска техника и автоматика *(соработка со компанија *ДЕМА СТИЛ ДОО* Крива Паланка);
- угостителско - туристичка струка: угостителски техничар *(соработка со компанија *ПАРК ГИНОВЦИ ДООЕЛ* Ранковце);
- градежно-геодетска струка: градежен техничар * (соработка со *ХАНТЕРС* , *ГД ГРАНИТ АД* Скопје);
- здравствена струка: медицинска сестра* (соработка со *ЈЗУ Димитар Арсов*, Крива Паланка и Центарот за дијализа *Диаверум,* Куманово).

Во учебната 2024/2025 година од 1 септември, ќе се реализира наставата во три нови струки со дуално образование и тоа:

- Електротехничка струка: образовен профил енергетичар (4 годишно траење)
- Економско, правна и трговска струка: образовен профил техничар за е-трговија и дигитален маркетинг (4 годишно траење);
- здравствена струка: образовен профил болничар-негувател (3 годишно траење).

Број на ученици во учебната 2023/2024 година

| Година на образование | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 9 | 117 | 60 | 53 | / | / | / | / | 3 | 1 | / | / |
| II | 9 | 154 | 82 | 70 | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / |
| III | 9 | 136 | 65 | 67 | | | | | 2 | 2 | | |
| IV | 9 | 136 | 65 | 69 | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / |
| Вкупно | 36 | 543 | 272 | 259 | / | / | / | / | 7 | 5 | / | / |

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел | Развојни цели | Целосно реализиран а | Делумно реализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|
| 1. Подобрување на квалитетот на воспитно - образовната работа со зголемување на компетенциите на наставниот кадар и преку негово професионално усоршување. | 1.1. Подобрување на квалитетот на реализација на наставните планови и програми преку користење на интерактивни техники и стратегии; | | Делумно | Континуирано дооусовршување согласно новините што се воведуваат и согласоно можностите и ресурсите на училиштето како и интересот кај дел од наставниот кадар |
| | 1.2.Доусовршување на наставниот кадар со обуки за примена на е-технологија, напредни методи и техники за учење | | Делумно | Континуирано дооусовршување согласно новините што се воведуваат и согласоно можностите и ресурсите на училиштето како и интересот кај дел од наставниот кадар |
| | 1.3. Доусовршување на наставниот кадар за унапредување на работата со деца со посебни образовни потреби, надарени деца и деца со потешкотии во учењето; | | Делумно | Континуирано дооусовршување согласно новините што се воведуваат и согласоно можностите и ресурсите на училиштето како и интересот кај дел од наставниот кадар |
| | 1.4. Набавка на нагледни сретства по наставни предмети, училишен инвентар, алатки и помагала за практична настава, стручна литература и лектири; | Целосно | | Секоја година по барање на стручните активи и во согллссност со наставната програма училиштето планира набавка на потребни ресурси за наставно-образовната работа |
| Стратешка цел | Развојни цели | Целосно реализиран а | Делумно реализирана | Образложение |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. Континуирана работа за одржување и подобрување на добрата училишна клима, градење на ефективна уписна политика и мотивација за работа, преку соработка со родителите и локалната заедница. | 2.1. Градење на уписна политика преку подобрување на комуникацијата и соработката со локалната заедница и родителите; | Целосно | | Воспоставен социјален дијалог со локалната заедница, бизнис секторот и МОН;<br>Организирани на отворени денови на училиштето |
| | 2.2 Унапредување на формите на соработка со локалната заедница и родителите и развој на подрачјата на комуницирање и односи со јавноста; | Целосно | | Поголема застапеност на социјаните медиуми како и гостувања во емисии со цел промоција на училиштето. |
| | 2.3. Изградување на систем за наградување на талентирани ученици и наставниците-ментори; | | Делумно | Изработен правилник за наградени и пофалени ученици, |
| 3. Континуирано подобрување на условите за реализирање на квалитетна воспитно - образовна работа | 3.1. Опремување на лабораторија по хемија за изведување експерименти; | | Делумно | Обезбедени дел од нагледните средства и опремена училница со услови за изведување на дел од експериметите |
| | 3.2. Поставување на термо фасада на зграда 2; | | Делумно | Проблем со дел од зградата која не е легализирана |
| | 3.3. Изградба на помошна спортска сала или реконструкција на отвореното игралиште; | Целосно | | Реконструирано надворешно игралиште со поставена тартан подлога |
| | 3.4. Целосна реконструкција на зграда 2 и на 5 помошни простории од зграда 1; | | Делумно | Реконструирани 5 помошни простории, зграда 2 не е легализирана поради нерешени имотно-правни работи |

## 3. **Фактори кои влијаат на развојот на средното училиште (SWOT-анализа)**

| **АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО** | |
|---|---|
| **S (Strengths)– Силни страни**<br>- современо изграден и реновиран училишен објект со добро решени просторни услови за работа;<br>- голем избор на струки и профили кои ги нуди училиштето на учениците;<br>- целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на учење и подобри постигања на учениците;<br>- училиштето се грижи за здравјето на учениците преку предавања на разни теми за заштита на здравјето на учениците и им обезбедува пријатна и безбедна средина за работа и учење;<br>- добра соработка на училиштето со локалната и деловна заедница;<br>- училиштето има Правилник за следење на планирањата на наставниците и на целиот наставен процес, Куќен ред и Кодекс на однесување и облекување во училиштето;<br>- настаниците користат разни методи и форми за да ги реализираат целите во наставата;<br>-наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците и континуирано ги известуваат родителите за напредокот на учениците;<br>- училиштето има високо реноме во локалната средина;<br>- отворена и постојана меѓународна соработка со повеќе училишта;<br>-транспарентно се презентираат финансовиот план и финансискиот извештај од страна на директорот на Наставнички совет;<br>- училиштето редовно ги согледува потребите од материјално-техничките средства и планира | **W (Weaknesses) – Слаби страни**<br>- недоволна искористеност на нагледните средства од страна на дел од наставниците кои предаваат во стручно образование;<br>-има незаинтересираност кај дел од наставниците за следење на какви било обуки и нивен професионален развој;<br>- не е реализирана обука на наставниците за изработка на планирања и работа со ученици со посебни образовни потреби;<br>- нема примена на стандарди и критериуми при оценувањето кај дел од наставниот кадар;<br>- недоволна е соработката меѓу активите во изработка на стандардизирани тестови, наставни ливчиња, чек-листи и други методи за проверување на знаењата на учениците, со цел градење на изедначени критериуми за оценување;<br>- не е реализирана обука за изработка на програми за реализација на дополнителна и додатна настава за која се изјасниле дел од наставниците;<br>- потешкотии за реализација на дополнителна и додатна настава поради зголемениот фонд на часови, особено во стручното образование;<br>- намален интерес на родителите за присуство на родителските средби, редовни конултации со стручната служба, како и присуство на разни културни манифестации, организирани од нашето училиште;<br>- намалена заинтересираност на учениците за |

| | |
|---|---|
| средства за одување на постојните;<br>- располагање со згоемен фонд на книги во библиотеката од секаков жанр;<br>- училиштето планира и реализира ученички екскурзии кои имаат научен, забавен и рекреативен и карактер;<br>- вклучување на учениците во разни културно-уметнички манифестации;<br>- училишната заедница е демократски формирана и учествува во донесување одлуки за прашања од непосреден интерес на учениците;<br>- во училиштето постои Правилник за избор на ученик и првенец на генерација;<br>- училиштето остварува соработка со деловната заедница преку добро организирана практична работа и при креирање на уписната политика во училиштето;<br>-од страна на училиштето има волја за континуирано унапредување и подобрување на условите за непречена воспитно-образовна работа преку реновирање на ентериерот и екстериерот на училитштето. | учества на натпревари;<br>- намалена заинтересираност на учиниците за посетана дополнителна настава;<br>- примена на традиционална настава кај дел од наставниците и немање заинтересираност за примена на современи методи и техники на равота;<br>- немање работна атмосфера во паралелки со ученици со послаб успех;<br>-намалена соработка со партнер-училиштето за реализација на МИО-активностите; |
| **O (Opportunities) - Можности**<br><br>- поголема соработка со компаниите;<br>-набавка на средства и реквизити за реализација на часовите по практична настава во градежна струка со опремување на простор-работилница;<br>- поголема интеракција меѓу Советот на родители и училиштето за помасовна вклученост на родителите во планирање и реализација на воннаставните активности;<br>- поголема соработка на наставниците и учениците за изработка на проекти надвор од училиштето;<br>- овозможување услови за нормално движење на лицата со деловен хендикеп;<br>-набавка на е-програма за евидентирање на библиотечниот фонд; | **T (Threats)- закани**<br><br>- намалување на бројот на ученици како последица на зголеменета миграција и намалување на наталитетот;<br>- намалување на бројот паралелките, а веќе има наставен кадар со соодветен работен однос;<br>-немање образовни асистенти кои се едуцирани да работат со деца со посебни потреби;<br>- во училиштето недостасува лифт кој би го користеле деца со физичка попреченост;<br>- немање работна атмосфера во паралелки со ученици со послаб успех;<br>-зголемување на бројот на ученици со психофизички и ментален развој;<br>-наидување на бирократски пречки при легализација на II зграда, за искористување на |

| | |
|---|---|
| - изнаоѓање партнер - училиште за реализација на целите на МИО-програмата;<br>-учество во проекти кои ќе ја подобрат финансиската поддршка на училиштето;<br>- воспоставување на рамноправен однос на наставниците кон сите ученици во однос на вреднување на нивните знаења и нивно учество во вонннаставните активности;<br>-добивање легализација на II зграда;<br>-приспособување на дел од тоалетите со санитарни јазли за лица со посебни потреби<br>-модернизација на постоечката библиотека | просторот за отворање на фитнес сала или за друга намена потребна за учениците |

## *4. Визија и мисија на училиштето*

**ВИЗИЈА**

***Престижно училиште, почитуван партнер во заедницата кој ќе биде предводник на современите образовни процеси и на креативен начин ќе ги поврзува и надградува знаењата и интересите на учениците.***

СОУ *Ѓорче Петров* се стреми да го задржи своето реноме на воспитно-образовна институција која нуди квалитетна настава, едуциран наставен кадар, кој постојано создава еднакви можности за образование на сите. Училиште кое ќе ги негува и унапредува капацитетите на учениците и вработените, ќе ги почитува нивните интереси, ќе им понуди можности за избор и реализирање на себеси преку воспитно-образовниот процес.

**МИСИЈА**

***Преку постојана едукација на наставниот кадар, тимски начин на делување, следење на нови и иновативни трендови во образованието, создаваме креативна иднина на младите која активно ќе се вклучи на пазарот на трудот.***

Мисијата на нашето училиште е континуирана едукација на наставниот кадар и нивен развој на личен и професионален план, а со цел подобрување на воспитно-образовната работа. Наставен кадар кој ќе биде подготвен и оспособен да ги пренесе своите знаења на новите генерации ученици и да ги подготви за новото време, кадар кој ќе го јакне тимскиот дух и со споделување на знаење и искуства, со својот личен пример ќе ги мотивира учениците за работа.

**5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив:**

- **Приоритет: Подобрување на квалитетот на наставата**

- да понудиме квалитетна настава во која учениците ќе бидат активни учесници, учејќи вештини на комуницирање, тимска работа, лидерство и истражување;
- да го подобриме квалитетот на наставата и учењето преку примена на новите и современи наставни методи на работа со учениците;
- да се реализираат современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнување на компетенциите за доживотно учење;

- **Приоритет: Континуирано унапредување на организациска клима и култура во училиштето**

- да го поттикнеме развојот за рамноправен однос помеѓу учениците и наставниците, градејќи меѓусебна почит и толеранција;
- да нудиме квалитетно образование преку следење, развивање и надградување на можностите на учениците;
-образование кое ќе ги менува и унапредува постигнувањата на учениците, ќе ги почитува нивните способности и интереси и ќе им понуди можности да направат избор и да се реализираат себеси преку воспитно-образовните процеси;
- подобрени почетни позиции при преминот од учење на работа и активно учество при процесите на демократско одлучување. Со оваа цел ќе се подигне квалитетот и моќта на давателите на услуги и ќе се изградат механизми за зајакнување на капацитетот и квалитетот на младите.

- **Приоритет: Модернизирање на просторните услови за работа и обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

- Зголемени можности за рекреација на учениците и вработените во училиштето и училишниот двор;

- подобрени, инспиративни и побезбедни услови за сите чинители во воспитно-образовниот процес;

- создавње на креативни катчиња за учениците каде ќе ја јакнат комуникацијата, соработката, меѓусебната толеранција;

## 6. ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ И РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

### Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритети | Стратешка цел |
|---|---|
| ***1.*** Поголема соработка со МОН, БРО И ЦСОО со цел изменување и доплнување и модернизација на наставните програми и планови<br>**2.** Подобрување на квалитетот за реализацијана наставните планови и програми со користењена техники и стратегии кои ќе го подигнатнивото на воспитно - образовниот процес;<br>**3.** Унапредување на техниките при оценување на учениците преку примена на различни форми и стратегии и обука на наставниците за нивна реализација<br>**4.** Обука на наставниците за употреба на нови алатки за реализација на ИКТ во наставата<br>**5.** Прилагодување на наставните програми за работа со ученици со посебни потреби (изработка на ИОП) и вклучување на учениците воинклузивни тимови<br>**6.** Градење на критериуми за мотивирање нанаставниците и учениците<br>**7.** Обука на наставниците за изготвување на наставна програма за работа со ученици со попреченост<br>**8.** Набавка на нагледни средства, стручна литература алатки и помагала;<br>**9.** Обука за изготвување на критериуми за подобрување на оценувањето на учениците и усогласеност на критериумите во гимназиско и четиригодишно стручно образование;<br>**10.** Обука за работа со надарени и талентирани ученици<br>**11.** Обука за интегрирање на професионален развој и кариерно советување | 1. Подобрени услови за реализација на квалитетна современа настава со зголемување на компетенциите на наставниот кадар, преку негово професионално усоршување. |

| **Приоритети** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| 1 .Изготвување на брошура /информатор за важноста од вклучување на учениците во воннаставните активности-целите и бенефитите од нив<br><br>2. Подобра усогласеност на термините за реализација на тестовите и писмените работи со цел подобрување на резултатите кај учениците<br><br>3. Подобрување на постигањата на учениците во целиот наставен процес<br><br>4. Подобрена стратегија за уписната политика со цел зголемување на бројот на учениците во училиштето<br><br>5. Континурана грижа за психофизичкото здравје на учениците, како и грижа за хигиената и безбедноста на учениците ;<br><br>6. Интензивирање на соработката сомедиумите;<br><br>7. Севкупна грижа за сите ученици подеднакво,без разлика на нивната социјална и материјална положба, како и полова и етичка припадност<br><br>8. Организирање на хуманитарни акции од страна на училиштето и од ученици самоиницијативно за помош на ученици од социјаално загрозени семејства<br><br>9. Воведување на награди како дополнителен стимул на вработените и учениците<br><br>10.Зголемена соработка со правни субјекти од бизнис секторот за добивање на донации за потребите на учениците и училиштето<br><br>11.Подобрување на соработката со стопанските претпијатија при реализација на практичната настава | 2. Континуирана работа за одржување на добрата училишна клима, градење на ефективна уписна политика и мотивација за работа преку соработка со родителите илокалната заедница. |

| Приоритети | Стратешка цел |
|---|---|
